Друштво на писателите
на Македонија
Бр. ДПМ5-37-2025
17.5. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за здруженија и фондации („Сл. весник на РМ“ бр. 52/2010, 135/2011 55/2016 и 239/2022) и член 33 став 1 алинеја 20 од Статутот на Друштвото на писателите на Македонија усвоен на 1.6.2024 г., на редовното годишно Собрание одржано на 17.5.2025 г., Друштвото го усвои следниот:

Годишен извештај за работата на ДПМ во 2024 г.

Во првите пет месеци од своето работење во 2024 г. Друштвото на писателите на Македонија беше под раководство на претходниот Управен одбор, тело кое во претходниот Статут се водеше под името „Претседателство“. Членовите на Претседателството беа во оставка од 5 октомври 2023. Во првите девет месеци од 2024 г. во ДПМ не беше ангажиран технички персонал (секретар).

Првата активност што се одржа во ДПМ во 2024 г. беше продолжението на седницата од вонредното изборно Собрание на ДПМ од 25.11.2023. Седницата се одржа на 27.1.2024 г., и беше неуспешна поради немање кворум, исто како и вонредното изборно Собрание од 25.11.2023 г. Независно од тоа, имајќи го предвид претстојниот истек на двегодишниот мандат, на седницата-продолжение претседателот на ДПМ Христо Петрески најави одржување редовно изборно Собрание во ДПМ за мај/јуни 2024 г. На 2.2.2024, претседателот на ДПМ го закажа Редовното изборно Собрание во ДПМ за 1.6.2024 г.

На 4.2.2024 г. беше објавено името на добитничката на конкурсот за наградата „Даница Ручигај“ за 2023 г., Славица Дабевска-Ќировска. Селекторка на победничката збирка беше Љерка Тот Наумова. Конкурсот за наградата „Даница Ручигај“ беше распишан на 2.10.2023 г.

Денот на ДПМ, 13.2.2024 г. беше одбележан со поетско читање во ДПМ и со пригодни беседи за основачите на Друштвото, одржани од членовите Васил Дрвошанов и Александар Прокопиев.

Следна активност во Друштвото беше доделување на наградата „Даница Ручигај“ на поетесата Славица Дабевска Ќировска, кое се одржа на 5 март 2024 г. во градската библиотека во Тетово.

На 15 и 16 мај 2024 г. членови на ДПМ учествуваа на „Денови на културата“ во населба Илинден, скопско, која минатата година одбележа 25 години од основањето на манифестацијата.

Како главната активност што го означи континуитетот на работата на ДПМ во првите пет месеци од 2024 г. може да се забележи објавата на два броеви на списанието „Стожер“, кое продолжи да излегува под раководство на главниот и одговорен уредник Славчо Ковилоски.

Периодот од 5 март 2024 г. до 1 јуни 2024 г. беше пред сè фаза на подготовка на најавеното редовно изборно Собрание на ДПМ, со правната помош добиена од Македонското здружение на млади правници (МЗМП) и од страна на претседателката на Националното здружение за МС. Седницата на Претседателството на ДПМ се одржа на 15.4.2024 г., и на неа беше донесена одлука редовното изборно Собарние во ДПМ да се одржи на 1.6.2024 г. и да биде претседавано од Зоран Анчевски, кој на оваа седница беше избран за потпретседател на ДПМ, во согласност со тогашниот Статут. Подготовката на редовното изборно Собрание на ДПМ подразбираше изготвување на пречистен список на членови на Друштвото, изготвување на Предлог-измени и дополнувања во Статутот на ДПМ од 2.9.2011 г., како и изготвување Предлог-деловник и Предлог-дневен ред за Редовното изборно Собрание на ДПМ.

Изборното Собрание на ДПМ на 1.6.2024 г. се одржа во одличен ред, во согласност со одредбите од претходниот Статут на ДПМ од 2.9.2011 г. и под раководство на Зоран Анчевски, кој на седница на претходното претседателство на 15.4.2024 г. беше избран за потпретседател на ДПМ.

На Изборното собрание од 1.6.2024 г. беше избрано новото раководство на Друштвото, во состав: Живко Гроздаоски (претседател) и членови на Управниот одбор: со втор мандат Зоран Анчевски, Марина Мијаковска и Бранко Цветковски, и со прв мандат Виолета Танчева-Златева, Димитар Пандев и Сузана В. Спасовска. На Собранието, исто така, беа избрани и петте члена на Судот на честа: Славе Ѓорѓо Димоски, Анастасија Ѓурчинова, Лидија Капушевска-Дракулевска, Владимир Мартиновски и Санде Стојчевски.

Првата активност по одржувањето на Изборното собрание беше отворање архива на ДПМ, во која се забележува сета кореспонденција и воопшто сета документација што произлегува од работењето на Друштвото. Први предмети во архивата се документите од Собранието на ДПМ од 1 јуни 2024 г., како и допис со пратка од Струшките вечери на поезијата (донација на два пакета со книги), која пристигна на самиот ден на изборното Собрание.

Својата конститутивна седница избраниот УО на ДПМ ја имаше на 4.6.2024 г. На оваа седница за потпретседател на ДПМ беше избран Зоран Анчевски, а беше потврден и составот на редакцијата на гласилото на ДПМ, тримесечникот „Стожер“: Славчо Ковилоски (главен и одговорен уредник), Лилјана Пандева (лектор), Марина Мијаковска, Делвина Крлуку, Стефан Марковски.

Првите ангажмани во Друштвото беа техничко-административни: собирање на сета неопходна документација за достава до Централниот регистар, со цел впишување промена на раководството. Постапката беше завршена со помош на бесплатни консултации со правничката од Националното здружение за МС, која даде свој придонес и во подготовката на Изборното собрание на 1.6.2024 г.

По средувањето на првичните и незаобиколни правно-административни процедури, на 17 и 18 јуни 2024 г. во Друштвото се организираше првиот настан, под насловот „Отворено ДПМ“, кога просториите на Друштвото беа отворено за сите членови и за јавноста од 9 до 21 часот.



Димитар Пандев и Марина Мијаковска (членови на УО на ДПМ) на „Отворено ДПМ“



Поетот Пепи Стамков на „Отворено ДПМ“

Во јуни, исто така, беше ажуриран договорот со Македонски Телеком, односно беше активиран нов пакет со поголема брзина на конекцијата со цел подобрување на работните услови.

На 23 јуни 2024 г. беше распишан конкурсот за традиционалните годишни награди на ДПМ за 2023 г. Конкурсот, централната годишна активност која го потврдува континуитетот во работењето на Друштвото, на крајот од 2023 г. беше испуштен поради случувањата во Друштвото. Подоцна беа усвоени Правилник за доделување на годишните награди на ДПМ и Деловник за изборот и работењето на жири-комисиите за доделување на годишните награди на ДПМ.

Главната сала на ДПМ беше опремена со проектор, платно за проектирање и со звучна опрема.

На седницата на УО на ДПМ од 24.6.2024 беа усвоени Правилник за работењето на УО на ДПМ, Правилник за работењето на Судот на честа на ДПМ, како и Етички кодекс на ДПМ. Самиот Суд на честа на ДПМ одржа конститутивна седница на 28.6.2024 г., а за негов претседател беше избран Санде Стојчевски.

Во текот на јули 2024 во ДПМ се довршуваа бирократкските обврски поврзани со Централниот регистар во Скопје. На 26 август 2024 г. во ДПМ му се додели почесно членство на лауреатот на Златниот венец на Струшките вечери на поезијата, францускиот поет Жан-Пјер Симеон.



Сузана В. Спасовска (членка на УО на ДПМ), Тодорче Тасевски (директор на СВП), лауреатот на СВП за 2024 г. Жан-Пјер Симеон, Живко Гроздаоски и Виолета Танчева-Златева (членка на УО на ДПМ)



Претседателот на ДПМ Живко Гроздаоски му го врачува почесното членство во ДПМ на Жан-Пјер Симеон, лауреат на Струшките вечери на поезијата за 2024 г.

Во меѓувреме, на конкурсот за годишни награди на ДПМ се пријавија 35 дела, кои конкурираа за наградите „Стале Попов“ (14 дела), „Ацо Шопов“ (7 дела), „Ванчо Николески“ (6 дела) и „Димитар Митрев“ (8 дела). Со цел подобро претставување на пријавените дела, прво беа објавени полуфиналистите (20 август 2024), а потоа и финалистите (11 септември 2024) за наградите. Добитниците на традиционалните годишни награди на ДПМ за 2023 г. беа објавени на 16 септември 2024 г., а доделувањето на наградите се одржа на 18 септември 2024 г. во свечената сала на ДПМ.



Претседателот на ДПМ, Живко Грозданоски, со Сузана В. Спасовска, членка на УО на ДПМ, и претставници од четирите жири-комисии за доделување на годишните награди на ДПМ за 2023: Елена Пренџова („Ацо Шопов“), Елизабета Бандиловска („Димитар Митрев“), Гордана Јовиќ-Стојковска („Стале Попов“) и Наум Попески („Ванчо Николески“).



Четворицата лауреати на традиционалните годишни награди на Друштвото на писателите на Македонија за 2023 година: Зоран Анчевски (награда „Ацо Шопов“), Лидија Капушевска-Дракулевска (награда „Димитар Митрев“, заедно со Влада Урошевиќ), Билјана С. Црвенковска (награда „Ванчо Николески“) и Блаже Миневски (награда „Стале Попов“).

Првата низа поврзувања со институции беше потпишувањето меморандум за соработка на ДПМ со Градската библиотека „Браќа Миладиновци“, а набрзо потоа и со Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Како пријателски меѓуинституционален гест, на 23.8.2024 г. просториите на ДПМ беа посетени од страна на кустосите Благоја Варошанец и Владимир Јанчевски од Музејот на современа уметност во Скопје, кои спроведоа детален попис на 72 уметнички дела – платна, бисти, фотографии – што се наоѓаат во Друштвото.



Снежана Стојчевска (поетеса, членка на ДПМ и директорка на ГБСК „Браќа Миладиновци“) и Живко Грозданоски.



Живко Грозданоски и Владимир Мартиновски (поет, член на ДПМ и декан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје).

На 1 октомври во Друштвото на писателите на Македонија се одржа првиот настан отворен за поширокаата јавност – „Вечер со Руми“, каде што зборуваа и читаа поезија од персискиот поет членовите на ДПМ Тихомир Јанчовски и Ана Пејчинова, а во дискусијата се вклучуваше и публиката, составена од гости и од членови на Друштвото.

Следниот настан во ДПМ беше предавањето (видеопрезентација) на Игор Радев на тема „Класичниот кинески поет како дејствувачко лице на историјата“, кој се одржа на 14.10.2024 г.



Поетот Горазд Китановски-Кени чита на „Вечер со Руми“, со поетот Тихомир Јанчовски и поетесата и преведувачка Ана Пејчинова



Филологот Игор Радев на предавањето „Класичниот кинески поет како дејствувачко лице на историјата“.

На 4 октомври во ДПМ претходниот претседател Христо Петрески и актуелниот претседател Живко Грозданоски потпишаа примопредавање на списокот со материјални поседи на Друштвото.

На почетокот на октомври им беа исплатени хонорарите на добитниците на наградите на ДПМ за 2022 г. (Венко Андоновски, Зоран Пејковски, Ели Маказлиева, Соња Стојменска-Елзесер) и на 12-минатa членови на жири-комисии за доделување на тие награди. Наградите на ДПМ за 2022 година веќе им беа доделени на лауреатите на 13.2.2023 г. од страна на претходниот претседател на ДПМ. Во овој период беа исто така исплатени и сите обврски на Друштвото кон членовите на редакцијата на „Стожер“.

Во октомври, исто така, беше усвоен и Правилник за предлог-настан во ДПМ, како и образец за поднесување предлог-настан од страна на членови на ДПМ. За клучна активност во октомври, сепак, се смета поднесувањето преку веб-платформата Услуги.гов.мк ДПМ на четири апликации на конкурсот за финансирање проекти од национален интерес распишан од Министерството за култура и туризам на РС Македонија. Проектите што ДПМ ги поднесе на годишниот конкурс се: 1) Објава на четири броја на ревијата „Стожер“, 2) Традиционални годишни награди на ДПМ, 3) Книжевни настани во ДПМ и 4) „Амаркорд“ – збирка раскази, сеќавања на некои од ветераните на македонската современа книжевност што веќе не се меѓу нас. За потребите на конкурсот (обезбедување локација за настани, музичка придужба за настани, итн.), ДПМ потпиша договори за соработка со Факултетот за музичка уметност во Скопје, со библиотеката „Браќа Миладиновци“, со градската кафеана „Кај Јоле“ и со други уметници, актери, фотографи, новинари итн.

Во првата половина на ноември 2024 г. Друштвото на писателите на Македонија потпиша договори за соработка со седум издавачки куќи со сопствени книжарници во Скопје: „Матица“, „Феникс“, „Три“ (Дебар Маало, ГТЦ и East Gate Mall), „Чудна шума“, „Или-или“, и „Полица“, во согласност со кои активните членови на ДПМ можат да ги набават изданијата од овие издавачи со попуст од 30 % од нивните книжарници.

Во втората половина на ноември и почетокот на декември 2024 г. Друштвото на писателите на Македонија потпиша договори за соработка со пет театри во Скопје: Драмски театар, Театар „Комедија“, Македонски народен театар, Албански театар и Театар за деца и младинци, како и со три театри низ земјата: Битолски народен театар, „Јордан Хаџи-Константинов-Џинот“ во Велес и „Антон Панов“ во Струмица. Со овие меморандуми, активните членови на ДПМ добиваат 50 % попуст на најмногу две карти од претстава.

Во декември 2024 г. ДПМ случи соработка со градската кафеана „Кај Јоле“, со која членовите на ДПМ добиваат од 15 до 25 % попуст на услугите во ресторанот.

Во втората половина од годината, ДПМ се раздели од некои од своите најзначајни членови: на 8 октомври ДПМ и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје соорганизираа комеморација за Бистрица Миркуловска (своевремено најстар член во Друштвото на писателите), на која со пригодни беседи се обратија проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ, проф. д-р Димитар Пандев и проф. д-р Лидија Аризанковска. На 21 октомври ДПМ учествуваше на комеморацијата за Михаил Ренџов, која се одржа во НУБ „Св. Климент Охридски“ во Скопје, и на која свое обраќање

имаа Владимир Мартиновски, поет и декан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Гордана Михаилова Бошнакоска, поетеса и блиска пријателка на поетот, и Марина Мијаковска, поетеса и колешка на поетот од НУБ. Најпосле, на самиот крај од оваа тажна низа, на 8 ноември во Друштвото се одржа комеморација за писателката Оливера Николова, на која пригодни беседи имаа претседателот на ДПМ Живко Грозданоски и академик Катица Ќулавкова.

На 23.11.2024 г. во Друштвото на писателите на Македонија авторката Елизабета Јончиќ, членка на Друштвото, одржа предавање поврзано со нејзиното дело „Неологизмите во поезијата на Весна Мундишевска Велјановска“.

На крајот на ноември, Друштвото на писателите на Македонија се отвори за вмрежување и за соработка со други сродни институции од областа на книжевноста и културата со тоа што УО на ДПМ донесе одлука со која просториите на ДПМ можат да бидат изнајмувани од други институции за нивни потреби, како што е промоција на дела или други настани. Првиот настан од тој тип беше доделувањето на наградата „Вавилон“ од страна на Здружението на преведувачи и толкувачи (ЗПРМ), на 30 ноември 2024 г.



Писателката, издавач и член на ДПМ Гордана Јовиќ-Стојковска, авторката Елизабета Јончиќ и проф. Марија Стојановска на промоцијата на „Авторските неологизми во поезијата на Весна Мундишевска Велјановска“



Членовите на ЗПРМ Рајна Кошка, Огнена Никуљски, Љубица Арсовска, Милан Дамјановски, Лукреција Маљковиќ Атанасовска и Ана Попова-Манасиевска, заедно со Живко Грозданоски (ДПМ)

Од 2 до 23 декември, во ДПМ беше отворен конкурсот за традиционалните годишни награди на ДПМ за 2024 година, на кој се пријавија вкупно 46 дела: 11 за „Стале Попов“, 16 за „Ацо Шопов“, 10 за „Ванчо Николески“, 6 наслови за „Димитар Митрев“ и 3 дела за наградата „Мост“, за книга објавена на некој од јазиците на националностите што живеат во Македонија. Во согласност со Деловникот за изборот и работењето на членовите на жири-комисиите за доделување на годишните награди на ДПМ, УО ги избра жири-комисиите со тајно гласање.

На 10 декември писателката и професорка на Факултетот за драмски уметности Ана Стојаноска во Друштвото одржа интерактивно предавање/работилница на тема „Да пишуваме за театар!“, во кое активно учество зедоа и присутните. Ова беше првиот настан во ДПМ оваа година пренесуван во живо во јавноста и виртуелните следбениците на ДПМ преку социјалната мрежа Фејсбук.



Писателката и професорка Ана Стојаноска на предавањето „Да пишуваме за театар!“



Промоторката Оливера Ќорвезироска и авторот Игор Анѓелков на промоцијата на романот „Ветрилиште“

На 17 декември во ДПМ се одржа и промоција на романот „Ветрилиште“ од Игор Анѓелков (Или-или, 2024), а промоторка беше писателката и книжевна критичарка Оливера Ќорвезировска. И овој настан беше пренесуван во живо на социјалната мрежа Фејсбук.

На 26 декември се одржа последниот настан во ДПМ за 2024 година – мал предновогодишен коктел, на кој присуствуваше дел од членството на Друштвото, но и новинари, други актуелни и идни соработници и потенцијални идни членови на ДПМ.



Тодорче Тасевски, Драгана Лукан Николоски, Живко Гроздаоски, Наташа Аврамовска, Сеида Бегановиќ, Каљош Челику (и Александар Прокопиев)



Маја Јакимовска-Тошиќ, Наташа Аврамовска, Ана Мартиноска



Делвина Крлуку и Тони Димков (и Вера Стојчевска-Антиќ)



Драгица Најческа и Живко Гроздаоски (и Каљош Челику)

* * *

На 1 јуни 2024 г., на денот на Изборното собрание на ДПМ, Друштвото броеше 112 активни членови, а седум месеци подоцна, на крајот од годината, ДПМ броеше 142 активни членови. Во последните неколку месеци ДПМ прими пет нови члена: Милчо Мисоски, Искра Донева, Симона Јованоска, Хана Корнети и Митко Гогов. За членовите беа изработени нови членски книшки и беа поделени над четириесет примероци.

Во архивата на ДПМ, почнувајќи од 1.6.2024 г., заклучно со 31.12.2024 г., има вкупно 204 предмети, поделени во пет категории: дописи добиени од физички лица, дописи пратени до физички лица, дописи до институции, дописи од институции и некатегоризирани документи.

Управниот одбор на ДПМ од 1.6.2024 до 31.12.2024 одржа вкупно 11 редовни и една вонредна седница (бр. 11-2024, од 16.12.2024 г.)

Списокот со усвоени нормативни акти од (вклучувајќи го) 1.6.2024 до 31.12.2024 е следниот:

- Статут на ДПМ од 1.6.2024
- Правилник за работењето на УО на ДПМ
- Правилник за работењето на Судот на честа на ДПМ
- Етички кодекс на ДПМ
- Образец за поднесување Забелешка до Судот на честа на ДПМ
- Образец за Предлог-дневен ред од седница на Судот на честа на ДПМ
- Образец за Одлука на Судот на честа на ДПМ
- Образец за Приговор на Одлука на Судот на честа на ДПМ
- Правилник за доделување на годишните награди на ДПМ

- Деловник за изборот и работењето на жири-комисиите за доделување на наградите на ДПМ
- Правилник за работа на Техничкиот секретар на ДПМ
- Правилник за предлагање и давање приоритет на Предлог-настан во ДПМ
- Образец за поднесување Предлог-настан до УО на ДПМ

Од почетокот на раководењето на Друштвото на писателите, во континуитет се одржува и веб-страницата на ДПМ и редовно се пополнува со соопштенија за актуелните настани во Друштвото.

Во однос на просториите во ДПМ, беа преземени неопходните хигиенски мерки со цел уредување на канцеларијата на претседателот – која не беше користена во минатите 6-7 години – и нејзино враќање во употреба.

Во однос на техничкиот персонал во Друштвото, од 1.10.2024 во ДПМ беше вработена техничка секретарка, а Друштвото беше отворено од понеделник до петок, од 9 до 13 часот.

17.5.2025 г.

Претседател на ДПМ
Живко Грозданоски